Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Бр. 0312-11867/2
Дата: 20 SEP 2019
Скопје
Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности
Трифун Хаџи Јанев бр.4
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3204 800
Факс: (02) 3171 668
Е-пошта: info@katastar.gov.mk
Сајт: www.katastar.gov.mk

**До**
**Здружение на граѓани за заштита на правата и интересите на вработените во државната администрација и заштита на државниот имот ПРАВЕДНИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ Скопје**
**ул.Моцартова бр.35 Скопје,**

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Тинка Китеска, тел:075/235-802 e-mail:tinkakiteska@yahoo.com

**Предмет: Одговор на барање на информација**

Почитувана,

Согласно Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, доставено преку е-маил на ден 04.09.2019 година, со кое барате информација –“за вкупниот број на извршени запишувања на правата на недвижностите на име или во корист на Република Северна Македонија, со извршен премер по службена должност согласно член 57 став 2, алинеја 1 од Законот за катастар на недвижности, во периодот од стапување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2019) односно во периодот од 27 јуни 2019 година до денот на поднесување на оваа барање. Доколку има такви службени запишувања да се наведе за кои недвижни ствари се однесуваат”, Ве известуваме следното:

По донесените измени на Законот за катастар на недвижности, од јуни 2019 г. со цел изработка на акциски план за запишување на правата, веќе се обративме до Државното правобранителство да достави барања за запишување на имотот на Република Северна Македонија. Вакви барања во некои одделенија веќе се доставени. Овие измени ќе бидат најкорисни за КО со претходен пописен катастар. Меѓутоа и пред измените на Законот, ние вршевме и сеуште вршиме запишувања на имот на РСМ и тоа според акцискиот план и тоа е прикажано во шест месечниот извештај за работата на АКН. <u>Сепак тоа е огромен број на парцели и КО и ние не можеме да даваме за секоја парцела поединечно податоци, која парцела во меѓувреме е запишана на РСМ.</u>

Во шест месечниот извештај за работата на АКН, за периодот јануари-јуни 2019 година, за оваа активност детално е опишано што АКН ќе презема за запишување на имотот на РСМ.

**1.1 Запишување на правото на сопственост на Република Северна Македонија на катастарските парцели кои останале со незапишани права во катастарските општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште - премерен катастар**

АКН во ноември 2018 достави Информација за запишување на правото на сопственост на недвижностите на Република Северна Македонија во катастарот на недвижностите при што ја информира Владата за потребата од донесување акциски план за реализација на активностите за запишување на правото на сопственост на РСМ на катастарските парцели кои се наоѓаат во катастарските општини кои пред влегувањето во сила на катастарот на недвижности бил во примена катастар на земјиште востановен врз основа на премер и за активностите кои треба да се преземат за запишување на правото на сопственост на РСМ на згради, посебни делови од згради и на други објекти во овие катастарски општини. Во Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности кој во меѓувреме беше донесен, беа предложени постапки со кои ќе се поедностави запишувањето на правото на сопственост на недвижностите на РСМ, во катастарските општини кои пред влегувањето во сила на катастарот на недвижности бил во примена катастарот на земјиште востановен врз основа на попис (пописен катастар).

Согласно со можностите за запишување на правата на недвижностите беше предложено запишувањето на недвижностите со незапишани права во катастарот на недвижности да се реализира во три постапки:

- запишување катастарски парцели во сопственост на РСМ кои останале со незапишани права, во катастарските општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште - премерен катастар;
- запишување згради, посебни делови од згради и други објекти во сопственост на РСМ кои останале со незапишани права, во катастарските општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште - премерен катастар;
- запишување катастарски парцели, згради, посебни делови од згради и други објекти во сопственост на РСМ кои останале со незапишани права, во катастарските општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште - пописен катастар.

На сто и втората седница на Владата на РСМ одржана на 13.11.2018 година, под точка 6 беше разгледана Информацијата за запишување на правото на сопственост на недвижностите со Акцискиот план, кој Владата согласно со заклучоците го прифати и даде препораки. Постапувајќи по заклучоците и препораките, АКН ги заврши подготвителните работи во декември 2018 година и согласно со Акцискиот план отпочна со запишување на правата на недвижностите (парцели) на РСМ за кои пред ставање во примена на катастарот на недвижности во примена бил премерен катастар на земјиште. Согласно со подготвените податоци, предмет на запишување се 63676 парцели со вкупно 75729 хектари во надлежност на 30-те организациони единици на АКН (29 одделенија за катастар на недвижности во РСМ и Центарот за катастар на недвижности во Скопје). Во Акцискиот план ненамерно се опфатени и мал број парцели од КО со претходен пописен катастар кои не беа предмет на запишување во оваа постапка. Тоа е целосно завршено во јануари во десет одделенија за катастар на недвижности, и тоа: Крива Паланка (9 КО), Кратово (9 КО), Делчево (7 КО), Кочани (5 КО), Виница (4

КО), Пробиштип (3 КО), Ресен (10 КО), Крушево (8 КО), Дебар (5 КО) и Македонски Брод (5 КО). Во февруари е завршено во Одделението за катастар на недвижности - Велес (11 КО), во март во Одделението за катастар на недвижности - Валандово (13 КО) и Струга (31 КО), а во април запишувањето е целосно завршено во одделенијата за катастар на недвижности во Струмица (63 КО), Радовиш (23 КО), Гевгелија (21 КО), Свети Николе (35 КО), Неготино (12 КО) и Охрид (32 КО). Во мај е завршена постапката во Одделението за катастар на недвижности – Берово (9 КО), а во тек е во останатите подрачни одделенија – Куманово (досега се завршени 37 КО и во тек е последната КО), Штип (досега е завршено во 22 КО од вкупно 27), Битола (досега е завршено во 42 КО од вкупно 44), Прилеп (завршени 19 КО од вкупно 35), Тетово (во 39 КО од вкупно 75), Гостивар (завршени се 14 КО од вкупно 19) и во Центарот за катастар на недвижности во Скопје (досега се завршени 29 КО од вкупно 129). Досега запишувањето е завршено во вкупно 607 катастарски општини, односно 79 % од предвидените катастарски општини, при што се запишани вкупно 36.442 парцели со вкупна површина од 49.181 хектар. Согласно со доставеното Упатство констатирано е дека досега 5.431 катастарска парцела со вкупна површина 4.863 хектари не се предмет на запишување, односно според површината запишувањето е завршено со 71 % според планираното. Роковите кои се предвидени во Акцискиот план, се следниве: во Штип рокот е заклучно со јуни 2020, Куманово – декември 2019 година, за Битола – октомври 2019 година, Прилеп-декември 2019 година, Тетово – ноември 2019 година, Гостивар – декември 2019 година и во ЦКН - Скопје до крајот на 2020 година, а во поголем број одделенија постапката заврши и порано од предвидените рокови дадени во Акцискиот план.

Табеларен приказ на постапката за запишување на правата на сопственост на Република Северна Македонија е даден на следната страница.

Република Северна Македонија
**Агенција за катастар на недвижности**

[redacted]

## Табела 7: СУМАРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРЕСОТ НА ЗАПИШУВАЊАТА НА ПАРЦЕЛИ СОПСТВЕНОСТ НА РСМ
01 - јуни 2019

| Р.бр. | Одделенија по сектори | Вкупно КО | Досега завршени КО | КО во тек | Планирани КП за запишување | Досега запишани КП | Површина на запишаните парцели (м2) | Парцели кои не се предмет на запишување | Површина на незапишаните парцели (м2) | Вкупна површина предмет на запишување (м2) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Струмица | 63 | 63 | 0 | 3817 | 3723 | 111556025 | 94 | 343319 | 111899344 | завршено во април |
| 2 | РАдовиш | 23 | 23 | 0 | 958 | 755 | 14014994 | 203 | 281697 | 14296691 | завршено во април |
| 3 | Гевгелија | 21 | 21 | 0 | 2088 | 2053 | 2589281 | 53 | 244289 | 11641136 | завршено во април |
| 4 | Валандово | 13 | 13 | 0 | 1458 | 1396 | 17562954 | 62 | 16165 | 17579154 | завршено во март |
| | Југоисточен | 120 | 120 | 0 | 8321 | 7927 | 145723254 | 412 | 885470.41 | 155416325.4 | |
| 1 | Куманово | 38 | 37 | 1 | 2968 | 2658 | 18922233 | 122 | 90195 | 19012428 | во тек |
| 2 | Кр.Паланка | 9 | 9 | 0 | 312 | 312 | 4389269 | 0 | 0 | 4389269 | завршено во јануари |
| 3 | Кратово | 9 | 9 | 0 | 126 | 19 | 147997 | 117 | 483260 | 631257 | завршено во јануари |
| | Североисточен | 56 | 55 | 1 | 3406 | 2989 | 23459499 | 239 | 573455 | 24032954 | |
| 1 | Штип | 27 | 22 | 2 | 2842 | 1148 | 7317962 | 187 | 7122315 | 9940085 | во тек |
| 2 | Берово | 9 | 9 | 0 | 833 | 699 | 11817446 | 134 | 546476 | 12363922 | завршено во мај |
| 3 | Делчево | 7 | 7 | 0 | 55 | 42 | 589213 | 13 | 58326 | 647539 | завршено во јануари |
| 4 | Кочани | 5 | 5 | 0 | 12 | 12 | 20367 | 0 | 0 | 20367 | завршено во јануари |
| 5 | Виница | 4 | 4 | 0 | 36 | 36 | 1094916 | 0 | 0 | 1094916 | завршено во јануари |
| 6 | Пробиштип | 3 | 3 | 0 | 4 | 3 | 5592 | 1 | 6112 | 11704 | завршено во јануари |
| | Источен | 55 | 50 | 2 | 3782 | 1940 | 20845496 | 335 | 7733229 | 24078533 | |

[redacted]

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Велес | 11 | 11 | 0 | 1357 | 1351 | 8056525 | 6 | 26439 | 8082964 | завршено во февруари |
| 2 | Свети Николе | 35 | 35 | 0 | 695 | 440 | 6377438 | 70 | 554010 | 6931448 | завршено во април |
| 3 | Неготино | 12 | 12 | 0 | 1434 | 1414 | 42119968 | 20 | 25645 | 42145613 | завршено во април |
| 4 | Кавадарци | 14 | 14 | 0 | 212 | 160 | 506197 | 52 | 80565 | 586762 | завршено во јануари |
| | Вардарски | 72 | 72 | 0 | 3698 | 3365 | 57060128 | 148 | 686659 | 57746787 | |
| 1 | Битола | 44 | 42 | 1 | 3238 | 2383 | 14778096 | 276 | 525258 | 15926505 | во тек |
| 2 | Прилеп | 35 | 19 | 2 | 7578 | 4240 | 8695430 | 909 | 5315058 | 44194866 | во тек |
| 3 | Ресен | 10 | 10 | 0 | 307 | 269 | 1205367 | 38 | 175891 | 1381258 | завршено во јануари |
| 4 | Крушево | 8 | 8 | 0 | 54 | 48 | 253304 | 6 | 284735 | 538039 | завршено во јануари |
| 5 | Демир Хисар | 17 | 17 | 0 | 2666 | 2648 | 37531227 | 18 | 47304 | 37578531 | завршено во март |
| | Пелагониски | 114 | 96 | 3 | 13843 | 9588 | 62463424 | 1247 | 6348246 | 99619199 | |
| 1 | Тетово | 75 | 39 | 2 | 4957 | 811 | 22679681 | 25 | 4659894 | 72082194 | во тек |
| 2 | Гостивар | 19 | 14 | 5 | 2089 | 1070 | 13172545 | 30 | 8031 | 24182210 | во тек |
| | Полошки | 94 | 53 | 7 | 7046 | 1881 | | 55 | | 96264404 | |
| 1 | Охрид | 32 | 32 | 0 | 5949 | 3237 | 20681422 | 2696 | 31670137 | 52351560 | завршено во април |
| 2 | Струга | 31 | 31 | 0 | 2218 | 2118 | 34546192 | 100 | 264948 | 34811140 | завршено во март |
| 3 | Кичево | 52 | 52 | 0 | 2862 | 2758 | 115344415 | 104 | 180932 | 115525348 | завршено во април |
| 4 | Дебар | 5 | 5 | 0 | 212 | 160 | 330230 | 52 | 60810 | 391040 | завршено во јануари |
| 5 | Мак.Брод | 5 | 5 | 0 | 315 | 272 | 9648398 | 43 | 36082 | 9684480 | завршено во јануари |
| | Југозападен | 125 | 125 | 0 | 11556 | 8545 | 180550657 | 2995 | 32212909 | 212763568 | |
| 1 | ЦКН - Скопје | 129 | 36 | 1 | 12024 | 207 | 1714035 | 19 | 192047 | 87372526 | во тек |
| | АКН - Вкупно | 765 | 607 | 14 | 63676 | 36442 | 491816493 | 5450 | 48632015 | 757294296 | |

## 1.2 Запишување згради, посебни делови од згради и други објекти во сопственост на Република Северна Македонија кои останале со незапишани права во катастарските општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште - премерен катастар

Постапувајќи по заклучокот од сто и втората седница на Владата на РСМ, со кој се задолжија сите органи на државната управа до 31.12.2018 година, до АКН и до Државното правобранителство на РСМ да достават листа со податоци за објектите (згради/делови од згради/други објекти) со кои располагаат, а ќе содржи адреса на објектот, број на катастарската парцела и име на катастарската општина каде што се наоѓа објектот, определен број државни органи и институции доставија податоци, но поголем дел од нив се со недостатоци, на пример, наведена е описно местоположбата, но не е наведено најважното - бројот на катастарската парцела и катастарската општина. Доставени се податоци за недвижности кои веќе се запишани во катастарот на недвижности и за истите постои имотен лист итн. Од страна на службени лица од АКН е направена селекција и распределување на доставените податоци, а внесени се во табела определен дел од податоците за зградите кои би биле предмет на премер. Општа констатација е дека ова е само еден мал дел од незапишаните објекти, а за поголемиот дел државните органи и институции не ги доставија бараните податоци (доставени се податоци од вкупно 18 институции). Исто така, од доставените податоци не може да се определи големината на објектите, катност и слично, односно обемот на работата. Во периодот што следува, АКН во соработка со Државното правобранителство на РСМ ќе пристапи кон изготвување предлог-акциски план за нивно премерување и запишување, во кој како активност ќе биде содржано и донесувањето одлука/и за вршење премер за запишување на недвижностите во катастарот на недвижности, како и донесување одлука/и за запишување на правото на сопственост на наведените недвижности во катастарот на недвижности.

Имајќи предвид дека станува збор за недвижности сопственост на државата, во постапката на запишување треба да се вклучи и Државното правобранителство на РСМ како државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на РСМ, односно Државниот правобранител на Република Северна Македонија, во својство на подносител на предлог-одлука за вршење премер за запишување недвижности сопственост на РСМ и на предлог-одлука за запишување во катастарот на недвижности до Владата на Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија
**Агенција за катастар на недвижности**

**1.3 Запишување катастарски парцели кои останале со незапишани права во катастарските општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште - пописен катастар**

Во однос на запишувањето недвижности (катастарски парцели, згради, посебни делови од згради и други објекти) во сопственост на РСМ кои останале со незапишани права, а се наоѓаат во катастарските општини во кои пред востановување на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште заснован на попис - пописен катастар, неопходно беше усвојување на предложените измени во Законот за катастар на недвижности за да се реализира успешно. Со измените на Законот за КН се олеснуваат процедурите и се поедноставуваат постапките за запишување на недвижностите со незапишани права. Најголемиот дел од овие катастарски општини се наоѓаат во планински подрачја, а недвижностите останале со незапишани права поради раселеност на населението и неможноста сопственикот да ја идентификува катастарската парцела на самото место. Практиката покажува дека голем дел од катастарските парцели кои се веќе запишани во катастарот на недвижности се запишани во сосопственички делови. Покрај олеснувањата кои произлегуваат од измените на Законот, во однос на запишувањата на правата на недвижностите на физичките лица, олеснувањата ќе придонесат и за успешно запишување катастарски парцели и згради во сопственост на РСМ кои останале со незапишани права за кои во примена претходно бил катастарот на земјиште заснован на попис - пописен катастар. Во периодот што следува ќе биде разгледана можноста за донесување акциски план за запишување катастарски парцели, згради, посебни делови од згради и други објекти во сопственост на РСМ кои останале со незапишани права во катастарските општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште - пописен катастар.

Запишувањето на недвижностите во сопственост на Република Северна Македонија, АКН ќе го врши по службена должност и во 2020 година.

Со почит,

службени лица

Татјана Ценова Митревска ______________________

Петар Сибиноски ______________________